ПП бр: 09 - 30 / 3

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (“Службен весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав Ана Николоска - претседател,. dr. Alija Nexhati и Розана Ванковска – членови, постапувајќи во постапката поведена по службена должност, со заклучок бр.09-14/1 од 02.02.2023 година против АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. со седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, застапувано од полномошник Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, заради утврдување на сторен прекршок од член 60 став (1) точка 1) и/или член 60 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седницата одржана на 05.09.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1) Се утврдува дека АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. со седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, застапувано од полномошник Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, како претпријатие кое стекнало контрола над ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о. со седиште на адреса Дунајска цеста 151, 1000 Љубљана, Словенија, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата било должно до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достават известување за концентрацијата пред нејзиното спроведување, а по склучување на Договорот за пренос на удел од 07.07.2022 година, односно пред упис во судскиот/деловниот регистар на Словенија како сопственик на ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о, истото во наведениот период не поднело известување за концентрација, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата за што му се изрекува санкција - глоба во износ од 184.900,оо денари што претставува околу 0.0014% од вредноста на вкупниот годишен приход на АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о. остварен во 2021 година како година која и претходи на концентрацијата.

2) Се утврдува дека АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. со седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, застапувано од полномошник Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, како претпријатие кое стекнало контрола над ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о. со седиште на адреса Дунајска цеста 151, 1000 Љубљана, Словенија, иако согласно член 18 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата не смеело да ја спроведе концентрацијата пред 07.09.2022 година, како ден кога Комисијата за заштита на конкуренцијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. на 07.07.2022 година поднело барање за упис во судскиот/деловниот регистар на Словенија како сопственик на ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о, односно ја спровело концентрацијата, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата за што

му се изрекува санкција - глоба во износ од 246.500,оо денари што претставува околу 0,0019% од вредноста на вкупниот годишен приход на АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. остварен во 2021 година како година која и претходи на концентрацијата.

3) За прекршокот од точка 1) и 2) од ова решение, на АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. со седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, застапувано од полномошник Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, согласно член 27 од Законот за прекршоците („Службен весник на РСМ“ бр.96/19), му се изрекува единствена санкција - глоба во износ од 431.400,оо денари што претставува околу 0,0033% од вредноста на вкупниот годишен приход на АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. остварен во 2021 година.

4) Глобата од точка 3) од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840ххх[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата**.** Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапувајќи по поднесено известување за концентрација, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП), на 03.10.2022 година достави допис бр. 09-38/1, со цел КОП да утврди дали во наведениот предмет евентуално е сторен прекршок од член од член 60 став (1) точка 1) и/или 60 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот).

КОП на 02.02.2023 година, по службена должност донесе заклучок бр.09-14/1 за поведување на прекршочна постапка против АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о. со седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, заради неподнесување на известување за концентрација согласно член 15 од Законот, што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот и заради спроведување на концентрација спротивно на член 18 став (1) од Законот, што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот.

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Со заклучокот за поведување на прекршочна постапка, на 14.02.2023 година, КОП го задолжи АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., согласно член 40 од Законот, да достави:

- доказ кога е поднесено барање за упис во судскиот/деловниот регистар на Словенија на АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., како акционер во ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о. и
- податок за вкупно остварен приход од АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. во 2021 година, пресметани согласно член 16 од Законот за заштита на конкуренцијата, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.

Со допис бр. 09-14/3 од 23.02.2023 година, АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. одговори на наведениот заклучок.

Со допис бр 09-14/4 од 08.03.2023 година, АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. достави дополнителни податоци.

Со допис 09-14/6 од 21.06.2023 година КОП достави до АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. - Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба 09-14/5 од 08.06.2023 година.

Со допис бр. 09-14/7 од 07.07.2023 година, АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. се произнесе по доставеното Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба 09-14/5 од 08.06.2023 година.

Со допис 09-30/2 од 10.07.2024 година КОП достави до АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. - Конечно известување за утврдена фактичка состојба 09-30/1 од 08.07.2024 година.

<u>Врз основа на анализа на доставените податоци и документи КОП во досегашната постапка по предметот, ја утврди следната фактичка состојба:</u>

Согласно член 15 од Законот, на ден 05.08.2022 година, а дополнето на 11.08.2022 година, до Комисијата е доставено известување за концентрација од АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о. со седиште на адреса

Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, со која АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о, ќе стекне контрола над ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о. со седиште на адреса Дунајска цеста 151, 1000 Љубљана, Словенија, по пат на купопродажба на удели. Трансакцијата се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о над ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о., преку стекнување на 100% од уделите на ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о. од страна на АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. Трансакцијата се однесува на стекнување самостојна контрола над ММ ОМИКРОН, друштво за инвестиции д.о.о., од страна на АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., а со тоа и над малопродажниот центар во сопственост на ММ ОМИКРОН, друштво за инвестиции д.о.о.

Согласно член 12 став (1) точка 2) алинеа 2 од Законот, концентрација настанува со промена на контролата на долгорочна основа, а особено како резултат на стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие. Оттука, преку наведената трансакција, АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о. се стекнал со 100% од уделот во и самостојна контрола над ММ Омикрон друштво за инвестиции д.о.о., согласно член 12, став 1, точка 2 од Законот. Пред трансакцијата, ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о. бил во целосна сопственост на физичкото лице, г. Андреас Месснер.

Согласно член 14 став (1) точка 1) од Законот, известување за концентрација до Комисијата се поднесува ако заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, при што најмалку еден учесник мора да биде регистриран во Република Македонија.

На светскиот пазар во 2021 година како година која и претходи на концентрацијата, Алфи Групата има остварено вкупни приходи во износ од 209.482.126 евра, односно 12.883.150.757 денари[2], додека во Република Северна Македонија има остварено вкупен приход од 1.358.178 евра, односно 83.527.947 денари.

Алфи Групата има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку друштвата:

- ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. Христо Татарчев 121-Г, Кисела Вода, Скопје, е друштво специјализирано во наплата на долгови по вонсудски пат. Главните активности на ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје се наплата и откуп на побарувања;
- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро

[2] Пресметано врз основа на средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија од (1 евро = 61.50 денари)

Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, кое е активно со продажба на големо на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца.

На светскиот пазар во 2021 година како година која и претходи на концентрацијата, ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о. има остварено вкупни приходи во износ од 57.826 евра, односно 3.556.299 денари, додека во Република Северна Македонија нема остварено приходи.

ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о. нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија.

Од наведеното, неспорно е дека биле исполнети условите за известување за концентрација од член 14 став (1) точка 1) од Законот, па согласно истиот член морало да биде поднесено известување за концентрација до Комисијата.

**Согласно член 15 став (1) од Законот, учесниците во концентрацијата се должни до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достават известување за концентрацијата пред нејзиното спроведување, а по склучувањето на договорот за спојување, односно по објавувањето на јавната понуда за откуп или стекнувањето на мнозинско учество во основната главнина на претпријатието.**

Согласно член 15 став (3) од Законот, известувањето го поднесува лицето односно претпријатието кое ја стекнува контролата на цело или дел од едно или повеќе претпријатија, во конкретниот случај тоа е АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о.

АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., стекнува контрола над ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о. врз основа на Договор за пренос на удел склучен на 07.07.2022 година, а известувањето до Комисијата е поднесено на 05.08.2022 година и истото е дополнето на 11.08.2022 година.

Во известувањето за концентрацијата е наведено дека: „Подносителот добил неточен правен совет дека не може да извести за предложената трансакција во Северна Македонија по спроведување на трансакцијата. Како последица на тоа, учесниците ја спровеле трансакцијата на истиот датум кога бил потпишан трансакцискиот документ – Договор за купопродажба на удели, т.е. на 07.07.2022 година, без претходно да побараат и добијат одобрување за концентрација од Комисијата.

Во известувањето, подносителот исто така наведува дека приближно десет дена по потпишувањето/спроведувањето, истиот дознал за обврската да ја извести Комисијата за трансакцијата согласно Законот, по што подносителот го задолжил полномошникот на подносителот да го подготви известувањето, започнал со собирање на документацијата потребна за комплетирање на известувањето и го задолжил полномошникот да го поднесе известувањето.

**Известувањето за наведената концентрација до Комисијата, АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о. го доставило по спроведувањето на**

**концентрацијата.** Имено, на 07.07.2022 година, од АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., било поднесено барање за упис во судскиот/деловниот регистар на Словенија како сопственик на ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о., односно била спроведена концентрацијата.

Оттука, АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о. како претпријатие кое стекнало контрола над ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о. иако согласно член 15 став (1) од Законот било должно да достави до Комисијата известување за концентрација по склучување на Договорот за пренос на удел од 07.07.2022 година, а пред нејзиното спроведување, истото не поднело известување за концентрација во наведениот период, со што **сторило прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот.**

Согласно член 60 став (1) точка 1) од Законот, за сторениот прекршок на АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата на учесниците во концентрацијата кои имаат обврска да поднесат известување согласно член 15 од овој закон, со решение ќе им изрече глоба во износ до 10% од вредноста на нивниот вкупен годишен приход, пресметан согласно член 16 од овој закон, изразена во апсолутен и номинален износ остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата*, односно од вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.*

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот. КОП при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги во предвид олеснителните или отежнителните околности.

<u>При одмерување на глобата, КОП ги зема во предвид следните олеснителни околности:</u>

- Комисијата со решението бр. 08-108/2022 од 07.09.2022 година, утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани последици по конкуренцијата на релевантниот пазар;

- АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. доброволно ја информира Комисијата за концентрацијата поднесувајќи известување за концентрација бр. 08-108 од 05.08.2022 година, а дополнето на 11.08.2022 година и
- АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. ефективно соработуваше со КОП за време на постапката независно од примената на член 65 од Законот.

Врз основ на горенаведеното, КОП утврди дека АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. како претпријатие кое стекнало контрола над ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о, согласно член 15 од Законот било должно да достави известување за концентрација до Комисијата по склучување на Договорот за купопродажба на удели, а пред спроведување на концентрацијата односно уписот во судскиот/деловниот регистар на Словенија како сопственик на 07.07.2022 година, но истото во наведениот период не поднело известување за концентрација, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за што му се изрекува санкција - глоба во износ од 184.900,оо денари што претставува околу 0.0014% од вредноста на вкупниот годишен приход на АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. остварен во 2021 година (пресметан согласно член 16 од Законот), како година која и претходи на концентрацијата.

**Согласно член 18 став (1) од Законот, концентрацијата не смее да се спроведе ниту пред да биде поднесено известување за истата до Комисијата, ниту по поднесувањето на известувањето, се додека не биде донесено решение дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот, во смисла на член 19 став (1) точка 1) и 2), член 20 став (1) точка 1), 2) и 3) или пред да биде исполнета претпоставката од член 24 став (6) од Законот.**

КОП утврди дека концентрацијата е спроведена пред да биде поднесено_известувањето до Комисијата и без да биде донесено решение од Комисијата, односно АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о. постапил спротивно на член 18 став (1) од Законот. Спроведување на концентрација спротивно на член 18 став (1) од Законот претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот.

КОП утврди дека времетраењето на прекршокот од член 60 став (1) точка 2) од Законот е од 07.07.2022 година како ден на поднесувањето на пријавата за упис во судскиот/деловниот регистар на Словенија до 07.09.2022 година како ден кога е донесено решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот. Врз основа на ова, периодот во кој траел прекршокот изнесува 2 месеци.

КОП не го прифаќа ставот на АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о. дека во конкретниот предмет потенцијалното утврдување на два прекршоци во овој случај би било спротивно на концептот и целта на членовите 15, 18 и 60 од Законот за заштита на конкуренцијата како и дека не може да постојат два прекршоци за исто сторување/дејствие, а тоа сторување/дејствие во овој случај е спроведувањето на концентрацијата.

Имено, КОП смета дека е точно дека доколку концентрацијата е спроведена пред да се поднесе известување, тоа значи и дека е спроведена пред Комисијата да донесе решение за одобрување/неодобрување на концентрацијата. Меѓутоа, Законот не прави хиерархија помеѓу овие два прекршока и предвидува изрекување на одвоена глоба за секој од наведените прекршоци. Имено член 15 став (1) и член 18 став (1) од Законот претставуваат независни одредби, едната предвидува обврска за сторување, додека другата предвидува обврска за несторување.

Законот за заштита на конкуренцијата е усогласен со Регулативата на Советот на Европската комисија бр.139/2004 и согласно член 3 став (3) од Законот „Во оцена на облиците на нарушување на конкуренцијата кои можат да имаат влијание на трговијата меѓу Република Македонија и Европските заедници, согласно со членот 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки, на соодветен начин се применуваат критериумите кои произлегуваат од правилната примена на правилата за конкуренција во Европската Унија". Во конкретниот случај КОП се водеше меѓу другото и од Пресуда на Судот на Правдата во предметот Ц-10/18П од 4.03.2020 година[3].

Согласно член 60 став (1) точка 2) од Законот, за сторениот прекршок, Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе му изрече прекршочна санкција на АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о. – глоба во износ до 10% од вредноста на нивниот вкупен годишен приход, пресметан согласно член 16 од овој закон, изразена во апсолутен и номинален износ остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата*, односно од вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.*

Вкупните приходи на АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. остварен во 2021 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која претходи на концентрацијата изнесуваат 209.482.126 евра, односно 12.883.150.757 денари.

---

[3] Пресуда на Судот на Правдата во предметот Ц-10/18П од 4.03.2020 година (Judgment of the Court (Fourth Chamber) of 4 March 2020 in Case C-10/18 P, - Mowi ASA (Formerly Marine Harvest ASA) vs European Commission

КОП (не) го прифаќа ставот на АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. дека во конкретниот предмет релевантен е само приходот остварен од портфолио друштвата во сопственост на Алфи РЕ СИС во износ од 3.241.277,94 евра.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

При одмерување на глобата, КОП ги зема во предвид следните олеснителни околности:

- Комисијата со решението бр. 08-108/2022 од 07.09.2022 година, утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани последици по конкуренцијата на релевантниот пазар;

- АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. доброволно ја информира Комисијата за концентрацијата поднесувајќи известување за концентрација бр. 08-108 од 05.08.2022 година, а дополнето на 11.08.2022 година и
- АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. ефективно соработуваше со КОП за време на постапката независно од примената на член 65 од Законот.

Врз основ на горенаведеното, КОП утврди дека АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о. како претпријатие кое стекнало контрола над ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о., иако согласно член 18 став (1) од Законот не смеело да ја спроведе концентрацијата пред 07.09.2022 година како ден кога е донесено решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот, истото ја спровело концентрацијата на 07.07.2022 година со поднесувањето на упис во судскиот/деловниот регистар на Словенија, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот, за што му се изрекува санкција - глоба во износ од 246.500,оо денари што претставува околу 0,0019% од вредноста на вкупниот годишен приход на АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о. остварен во 2021 година (пресметан согласно член 16 од Законот), како година која и претходи на концентрацијата.

Согласно член 27 став (1) од Законот за прекршоците - Ако сторителот со едно дејствие или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци, но не е донесена одлука за прекршок, претходно ќе се утврди санкцијата за секој одделен прекршок, а потоа ќе се изречат како единствена санкција сите така утврдени санкции.

Согласно член 27 став (2) од Законот за прекршоците - Ако за повеќе прекршоци сторени во стек е утврдена глоба ќе се изрече единствена санкција што е еднаква на збирот на одделно утврдената глоба, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана со закон.

Оттука, КОП на АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о. согласно член 27 од Законот за прекршоците, му се изрекува единствена санкција во износ од 431.400,оо денари што претставува околу 0,0033% од вредноста на вкупниот

годишен приход на АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о. остварен во 2021 година (пресметан согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

**Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**Ана Николоска**